# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ

Со ова известување за приватност, Ве информираме за начинот на кој ги собираме, обработуваме, чуваме, споделуваме и постапување со Вашите лични податоци, кои ги добиваме доброволно од вас како Субјект на личните податоци за време на нашата заедничка соработка, а заради исполнување на заедничките договорни и /или легитимни интереси.

Во својство на Контролор кој ги обработува Вашите личните податоци се јавува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, со седиште во Скопје на ул. 11-ти Октомври бр. 52А/1 – 3.

Доколку ви се потребни подетални информации за тоа кои лични податоци се обработуваат од страна на Контролорот, доколку сакате истите да ги промените, или да ја запреме понатамошната обработка, доколку тоа го дозволуваат законските прописи и исполнувањето на договорните односи, може да ни се обратите на контакт телефонскиот број и/или преку Офицерот за заштита на лични податоци, како лице за контакт: (02) 3227-599.

1. Какви податоци собира Контролорот?

Контролорот ги собира само оние податоци кои се неопходни за исполнување на договорните и деловни обврски, како и заедничките легитимни интереси.

За таа цел, најчесто ги собираме податоците од Вашите деловни бизнис картички, кои го вклучуваат Вашето име и презиме, Вашата позиција, ЕМБГ и информации за трансакциска сметка заради потребата да е изврши исплата, контакт податоците и други податоци кои ги имате направено достапни за таа цел.

2. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци?

Вашите податоци, се обработуваат заради исполнување на заедничките договорни и легитимни интереси кога соработуваме заедно.

3. Кој може да ги види моите лични податоци?

Вашите податоци се видливи само за оние вработени кај Контролорот, со кои редовно соработувате заради исполнување на договорните обврски и заедничките легитимни интереси.

4. Како да ги контролирате вашите податоци и да пристапите до нив ?

Може да испратите барање на телефонскиот број (02) 3227-599 и 072/268-068 или преку е-пошта contact@iorrm.org.mk. Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Офицеот за заштита на лични податоци на admin@iorrm.org.mk.

5. Можам ли да ги менувам моите податоци?

Во секое време можете да побарате менување на личните податоци, доколку сметате дека податоците кои ги обработуваме се неточни и/или е потребно ажурирање, како и доколку ваквото ажурирање е неопходно и во согласност со законските прописи.

6. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање телефонски или преку е-пошта: contact@iorrm.org.mk или admin@iorrm.org.mk кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на сопствените и/или заеднички интереси.

Вие исто така можете да приговарате на обработка и кога работењето е незаконско и/или кога вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, по приговорот нема да може да се постапи кога тоа не е можно согласно законските прописи.

7. Дали можам да ги избришам моите податоци?

Вие имате право да побарате да ги избришеме вашите податоци во секое време со испраќање на барање телефонски или преку е-пошта кога сметате дека обработката е незаконска.

8. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?

Вашите податоци се чуваат кај Контролорот и истите се споделуваат единствено со Управата за јавни приходи и банката преку која се врши исплатата. Ваквото споделување е неопходно заради исполнување на договорните обврски во поглед на плаќањето. Податоците не ги споделуваме со трети лица. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, претходно ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

9. Што можам да направам во случај на проблем?

а. Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта и да побарате да преземе акција со контактирање на Офицерот за заштита на личните податоци: на следниот телефон за контакт: (02) 3227-599 и 072/268-068.

б. Во секое време, доколку не сте задоволни од одговорот, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk. која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

10. Безбедност на личните податоци и рок на чување на личните податоци.

Контролорот користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина. Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци најмалку 5 (пет) години по завршување на соработката.